**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-4687/**

# З А П И С Н И К

**Од 224.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 16.08.2023 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ, Снежана Клинчарова **(скајп)**,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски**(скајп)**,Ивана Трајковска **(скајп),**Селпин Керим,м-р Јагнула Куновска **(скајп)** и Анита Латифи **(скајп)**. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Горан Атанасов-Директор на заеднички функции и администрација во МРТ, Виолета Димовска-раководител во Одделението за планирање и буџет во МРТ,Јана Граматниковска-Одделение за човечки ресурси во МРТ и Емилија Николова Христова-Раководител на Сектор за финансиско работење во МРТ. |

Седницата почна во 14.10 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Заменик Претседателот на Програмскиот совет побара да се повлечат од дневен ред точките 3 и 4.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предлогот.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.
.

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 223.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување на Информации по Заклучоци од Програмскиот совет на МРТ.

3. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 223.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 223.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 223.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 223.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно **усвоен**.

**ТОЧКА2:Разгледување на Информации по Заклучоци од Програмскиот совет на МРТ.**
По однос на оваа точка од дневниот ред Јана Граматниковска од Одделението за човечки ресурси во МРТ информираше дека на спроведените огласи по годишниот план за 2022 година, од вкупно 62 работни места реализирани се 48, а не се реализирани (14) работни места и тоа:

1. Монтажер 1, одделение за монтажа ТВ Продукција
2. Режисер 1, одделение за режисерско обликување ТВ Продукција
3. Раководител на одделение за документација и фонотека МРА
4. Инженер 1, одделение за емитување на програма РА Продукција
5. Снимател на тон 3, одделение за продукција и постпродукција на програма РА Продукција
6. Раководитле на одделение за надворешни преноси РА Продукција
7. Раководител на одделение за продукција и постпродукција на програма РА Продукција
8. Новинар 1 Музичка редакција МРА радио 2
9. Раководител на сектор за маркетинг и промоција
10. Раководител на секотор за правно нормативни и човечки ресурси
11. Стручен соработник 2, одделение за јавни набавки
12. Стручен соработник 2, одделение за стручна и техничка поддршка на НО и ПС на МРТ
13. ИТ инженер, одделение за софтвер
14. Новинар 3 редкација за економија претприемништво и менаџмент МРА прв програмски сервис – избрана е кандидатка која не се појави да потпише договор и не е пријавена воопшто.

Додека пак што се однесува до Годишниот план за 2023 година е доставен и добиена е согласност од Министерство за финасии и МИОА, за вкупно 13 нови вработувања како и 18 унапредувања и распоредувања во рамките на институцијата. Оваа година нема реализирани нови вработувања и привремени вработувања.

Горан Атанасов Директор на заеднички функции и администрација во МРТ извести пред присутните дека согласно измените на ЗААВМУ (од службен весник 154 од 20.07.2023), средствата добиени на 01.08.2023г се во ист износ како и изминатите месеци. Промени во приливот на средства нема.

Заменик Претседателот на Програмскиот совет Ведат Мемедалија побара Информација од Главните уредници на Прв и Втор Програмски сервис на МТВ колку лица се ангажирани со авторски договори за потребите на сервисите.

Членот Илир Рамадани по однос на оваа точка од дневниот ред истакна дека на еден од прдхоните состаноци беше доставена информација дека Комисијата за избор на програмски содржини донела Одлука за откуп на некои нови програмски содржини.

Во врска со горенаведеното во продолжение беше предложен следниов **Заклучок:**

-Да се достави информација до каде е процедурата за склучување на договорите за откуп на избраната програма,бидејќи избраните програми се за 2023 година, а до сега нема ништо ново. Бидејќи во прдехотните седници не беше сопштено дека сите вработени со Авторски

договор ќе земат плата месечно по 24.000 денари, сакам да прашам дали сите вработени со Авторски договор почна да земат плата по 24.000,00 денари месечно или имат некои што земат и под 24.000 днари

-По спроведеното гласање Заклучокот беше едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разно.**
Членот Снежана Клинчарова по однос на оваа точка од денвниот ред побара информација од Комисијата за утврдување на одговорност и Менаџментот во МРТ дали е нешто превземено по однос на реакциите во јавноста да се изјасни дали е изготвен Правилник за трајно регулирање на ваквите злоупотреби кои беа констатирани согласно Заклучокот од Програмскиот совет на МРТ.
Горан Атанасов Директор на заеднички функции и администрација во МРТ објасни дека е изготвен Правлиник за регулирање на конфликт меѓу јавниот и приватниот интерес при емитување на авотрскид ела во ЈРП МРТ, и дека истиот за брзо време ќе биде доставен до советот на разгледување.

Седницата заврши во 15.10 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател